**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ВО СКОПЈЕ**
**Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје**
**ул. „16-та Македонска Бригада“бр. 3, п. фах 223, 1000 Скопје**
**Тел. (02)6154660; Факс (02)6154590**

Бр. 0202-219/2-IV-6
20.4.2022 год.
Скопје

Врз основа на член 66 од Статутот на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 446/2019), Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје, на седницата одржана на 20.4.2022 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за утврдување на рокови за завршување на студии од прв циклус, за студентите запишани во учебната 2013/2014 год. и 2014/2015 год.**

**Член 1**

Студентите прв пат запишани во учебните 2013/2014 год. и 2014/2015 год. на студиските програми Инженерство на мебел и дрво и Дизајн на мебел и ентериер на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје, должни се да ги завршат студиите заклучно со 30.9.2023 год., во согласност со условите што важеле при запишувањето на студиите, за кој период важат сите финансиски обврски согласно актите на Факултетот.

**Член 2**

Студентите кои нема да ги завршат студиите во рокот утврден во член 1 на оваа одлука, можат да продолжат да студираат според студиските програми што се во важност на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје, во согласност со условите и правилата за студирање кои важат за истата.

**Член 3**

Признавањето на предметите ќе се врши во согласност со одлуката за еквиваленција од Наставно-научниот совет на Факултетот, што ќе го спроведува Комисија за еквиваленција, при што студентите ќе потпишат барање и изјава дека ги прифаќаат условите на студирање по таа студиска програма.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Декан

Проф. д-р Горан Златески

Доставено до:
- Одделение за Студентски прашања,
- Продекан за настава;
- архива /правна служба на Факултетот .